ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

## ЗАПИСНИК И ЗАКЛУЧОЦИ ОД КОЛЕГИУМ

Колегиумот е одржан на ден **09.01.2024 година** во 08:30 часот во Мала сала на Општина Крива Паланка.

**Присутни:** Градоначалникот на Општина Крива Паланка **Сашко Митовски**, секретар на Општина Крива Паланка **Мартин Николовски,** раководител на секторот за урбанизам, сообраќај, заштита на животна средина и одржување на комуналната инфаструктура **Маја Костадиновска**, раководител на сектор за правни работи, јавни дејности и поддршка на Градоначалникот **Даниела Велковска,** раководител на одделение за човечки ресурси **Игор Додевски,** раководител на одделение за инспекциски надзор **Бранко Велиновски**, раководител на одделение за комунална инфраструктура и сообраќај **Никола Граматиков,** раководител на одделение за локален економски развој и евроинтеграции **Антонио Давитковски,** советник одговорен сметководител **Димитар Петровски**, советник за правни работи и застапување **Сања Стојановска,** советник за јавни набавки и работа на седници на Совет **Биљана Тасевска** и подршка на градоначалник **Драган Цвијовиќ**.

**Дневен ред:**

- **Разгледување на реализација на тековни задолженија**
- **Дискусија и Насоки за реализација на задолженија**
- **Разно**

## ЗАДОЛЖЕНИЈА И ЗАКЛУЧОЦИ

Градоначалникот на Општина Крива Паланка **Сашко Митовски** го водеше состанокот на колегиумот со запознавање на тековните активности на одделенијата и планирање на активностите во нареден период при што беа донесени следните заклучоци:

### Секретар на Општина Крива Паланка

Задолженија на секретарот на Општина кои треба да ги изврши во наредниот период , а кои произлегуваат од колегиумот на ден 09.01.2024 година.

1. Да се превземат активности околу изготовка на елаборат за штета во Белевски дол и истиот да се проследи до Комисија за одлучување по однос на штети во Влада на РСМ;
2. Да се прегледаат сите овластувања и комисии кои треба да бидат обновени за 2024 година;

3. Да се превземат неопходни обврски и да се води процесот за продажба на парцелата кај Треска;
4. Воведување во даночниот систем на објекти од времен карактер и задолжување со Данок на имот.

-Тековни активности.

**Одделение за урбанизам и заштита на животна средина**

Задолженија за раководителот на секторот за урбанизам, сообраќај, заштита на животна средина и одржување на комуналната инфаструктура кои треба да ги изврши во наредниот период, а кои произлегуваат од колегиумот на ден 09.01.2024 година.

1. Да се изготви ажурирана табела со проектна документација која што ја поседува Општина Крива Паланка поделена по области;
2. Да се превземат мерки за обезбедување на одобрение за градба изградба на мињор корито на Крива Река и за канализација во населба Маневци, Вирови Грамаѓе;
3. Да се организира работен состанок со консултанти од МЖС околу финалната изготовка на проектното фише за обебедување на грант за водоводи и канализации;
4. Да се координира Димензија 360 околу доставувањето на проектната документација за детски катчиња и спортски терени;
5. Да се контактира со Параметар и Конструктор околу проектната документација за реконструкција на мостовите. Истата како се усогласува да се достави за распишување на тендер;
6. Да се подготви општа спецификација за распишување на јавна набавка за изградба,реконструкција и рехабилитација на улици и патишта;
7. Урбанистичко планска документација- рефирирање. Да се дадат работни задачи на Кире Велевски;
8. Да се распишат јавните набавки предвидени со планот за јавни набавки за 2024 година
(заловување на кучиња);
9. На Горан аква да се даде налог за почеток на проектирање на регулација на долот позади фабриката на Мускул и Марнес;
10. Катна гаража- идејно решение и Буџетска рамка ;
11. Преработка на проектната документација БЗ-Кошари;

-Тековни активности

**Одделение за финансиски прашања**

Задолженија за одделението за финансиски прашања кои треба да ги изврши во наредниот период, а кои произлегуваат од колегиумот на ден 09.01.2024 година.

1. Да се направи преглед со:

- побарување и обврски на Општина Крива Паланка
- преглед за наплата на даноци во 2023
- ургентно да се превземат активности за блокирање на сметки кои се правно основани
- ургентно да се превземат активности за изготвување на тужби кон сите побраувања и должници кон Општина Кр.Паланка

2. Ургентно да се подготват сите предлог Одлука за седница на Совет во месец Јануари 12.01.2024 за задолжување на Општина Крива Паланка со подигање на кредит по

однос на два основи ( превземени обврски и ликвидност и капитални инвестиции). За ова задолжение активно да се контактира и кординира со МФ и со комерцијалните банки за да целата постапка биде завршена до крајот на месец Јануари.

**3.** Да се изготви табеларен преглед за обврски на општината за кофинасирање и обврски кон проекти во 2024 ( за истата намена да се води точна евиденција за секоја нова обврска што ја има општината)

-Тековни активности.

**<u>Одделение за комунална инфраструктура и сообраќај</u>**

Задолженија за одделението за комунална инфраструктура и сообраќај кои треба да ги изврши во наредниот период, а кои произлегуваат од колегиумот на ден 09.01.2024 година

1. Да се превземат активности за завршување на градежните активности на терен:
   **КООП КУ**
   Улица,,Македонска'' ( тротоари, подигање на шахти и решетки, фино чистење на градежниот шут)
   Улица ,,Илинденска'' ( решетка и фино чистење на градежниот шут)
   За сите незавршени обврски предвидени со проектот да се изготви записник со кој ќе се наложи завршување на сите градежни активности). Исто така да се координира со надзорниот орган. Исто така за подигањето на решетките на улица ,,Македонска'' да се контактира со Дине Трејд за договорените обврски.
   Да се задолжат градежните инжинери од одделението да бидат активни на терен се до завршување на активностите.
2. Да се испрати писмо со ургенција до фабрика Карпош за испорака на материјали од Договорот со Општина Крива Паланка;
3. Со Белешков инжинеринг да се разгледа опцијата за изградба на потпорна стена во населба Илинден и за промена на решетката на почетокот на улицата;
4. Со Мелтон да се даде налог за промената на оштетените решетки во населба Илинден и улица Македонска;
5. Да се нарача елаборат за да се отпочне постапката експроријација на водоводната линија Вирови-Грамаѓе;
6. Да се распишат јавни набавки предвидени според планот за јавни набавки за 2024 година за месец Јануари
   -изградба на речното корито на Крива Река
   -изградба на локален пат Б'З-Кошари
   -реконструкција на дел од улица Гоце Делчев
   - набавка на песок и тампон
   -набавка за материјали за јавно осветлување
   -набавка за пластични цевки и црева
   -надзор на градба ( да се стават критериуми во набавката)
   -работа со градежна механизација.
7. Да се подтготви општа спецификација за јавната набавка предвидена со развојната програма за изградба,реконструкција и рехабилитација на улици и патишта каде што ќе се земат во предвид сите можни позиции предвидени во една проектна документација;
8. Да се контактира со Параметар околу доставување на проектната документација реконструкција на пет моста;
9. На проектантската куќа Аква инвест за остатокот од договорот да се даде налог за проектирање на регулација на долот позади објектот на мускул и марнес;
10. Постапка за елаборати за експроријација на Дурачка река,Вирови-Грамаѓе;

11. Со ЈП Комунаелц да се разгледа можноста и финасиската конструкција за поврзување со канализација на домаќинствата од Бурови Бавчи.

- Тековни активности

**<u>Одделение за правни и општи работи</u>**

Задолженија за раководител на сектор за правни работи, јавни дејности и подршка на градоначалник кои треба да ги изврши во наредниот период, а кои произлегуваат од колегиумот на ден 09.01.2024 година.

1. Да се распише јавен повик за продажба на објект сопственост на Општината;
2. Тековните јавни набавки да се распишат предвидени според планот за јавни набавки за месец Јануари, во делот на Вашиот сектор и Вашите одделенија;
3. Да се превземат активности по однос на информацијата до Влада на РСМ за решавање на сопственост на објектот на ОУД ,,Боро Менков''-Крива Паланка;
4. Ургентно да се постапи со блокирање и извршување на сметките по однос на данок на имот и фирмарини;
5. Да се подготват тужби по однос на сите побарувања кон Општина Крива Паланка;
6. Постапки за експроријација на Домачки Дол и одлуки на Совет;
7. Распределба на задолженија,работни обврски и план за јавни набавки со новите одделенија;
8. Да се изврши преглед на програмите и воведување во текот и процесот со сите активности, надлежност во Вашиот сектор;
9. Да се достави до координативното тело за проценка на имотот на општината за да може во најбрз временски рок да се изврши проценка на истиот.

-Тековни активности

**<u>Одделение за човечки ресурси</u>**

Задолженија за одделение за човечки ресурси кои треба да ги изврши во наредниот период, а кои произлегуваат од колегиумот на ден 09.01.2024 година

1. Спроведување на јавен оглас за раководител на даночно одделение и раководител на одделение за подршка на градоначалник;
2. Активности во делот на новата организација на Општина Крива Паланка. Да се направат сите неопходни чекори во насока на новата организација на Општина Крива Паланка распределба на работни задачи, промена на звања на влезните врати, веб страна. Физичка размена на вработените.Записник за примопредавање на актите.

-Тековни активности

**<u>Одделение за локален економски развој и евроинтеграции</u>**

Задолженија за одделение за локален економски развој и евроинтеграции кои треба да ги изврши во наредниот период, а кои произлегуваат од колегиумот на ден 09.01.2024 година.

1. Да се закаже работен состанок со ЛУ Градски Музеј, Центар за кулура и Општина Крива Паланка за дефинирање на целокупните настани предвидени во Програмата за култура на Општина Крива Паланка за 2024 година. Решавање на сите отворени прашања и тоа: начин и носители на организацијата на активностите, финансиски исплати и слично. Доколку е потребно да се направи измена на Програмата и да се донесат соодветни одлуки на седница на Совет на која ќе се одржи на 12.01.2024 година.
2. Да се работи на апликацијата со Словенска Амбасада за можно вградување на модули на уличното осветлување. **Рок за аплицирање 18.01.2024 година.** Исто така да се види околу кофинасирањето на проектот за поставување на фотоволтаици на јавните институции дали имаме обврска да кофинасираме 50% од паднатата вредност на Јавна набавка или пак имаме обврска да ја дофинансираме разликата од добиениот грант.
3. Да се стапи во контакт со Јапонска и Кинеска Амбасада по однос на поднесените апликации за подршка на проекти каде ќе се побара информација по однос на исходот од апликациите.
4. Комисијата да ги разгледа сите финансиски и наративни извештаи од спортските здруженија, НВО здруженија за реализација на доделените средства за 2023 година. Доколку нема доставено извештаи или пак се утврди дека средствата доделени во 2023 биле потрошени ненаменски и се утврди дека помошта не е оправдана нема да се изврши исплата во 2024 година.
5. Да се распишат сите јавни набавки предвидени со планот за јавни набавки за месец Јануари, надлежност на одделението.

-Тековни активности

**<u>Одделение за инспекциски надзор</u>**

Задолженија за одделение за инспекциски надзор кои треба да ги изврши во наредниот период, а кои произлегуваат од колегиумот на ден 09.01.2024 година.

1. Апликација Еко Општина ;
2. Извештај на Комуналниот инспектор по однос на активноста на терен во село Мождивњак;
3. Да се превземат сите активности според законските надлежности на инспекциските служби за издавање на казна и забрана за вршење на дејност на пералната во градскиот пазар.

- Тековни активности

**<u>Сања Стојановска – Советник за правни работи и застапување</u>**

Задолженија за Сања Стојановска кои треба да ги изврши во наредниот период а кои произлегуваат од колегиумот на ден 09.01.2024 година.

1. Да се ажурира табелата со завршени проекти и потпишани договори;
2. Да се организира состанок со ПР службата за да се направи пресек и архива на настаните од месец Ноември 01.2023 година;

3. На социјалните мрежи да се објави проектната документација од Центар за Култура изготвена од Параметар, финисирана на МК;
4. Водици ( фото+видео);
5. Да се задолжат вработените од одделението за ЛЕР и останатите одделенија да изготват ажуриран табеларен список со збратимени градови, блиски градови, Амбасади и Амбасадори, Граѓански организации, Спортски здуженија, Бизнис сектор, соработници со Општина Крива Паланка;
6. Да се прегледа апликацијата за Еко Општина и да се додат настаните и фотографиите од истите.

- Тековни активности

**<u>Драган Цвијовиќ- подршка на градоначалник</u>**

Задолженија за Драган Цвијовиќ кои треба да ги изврши во наредниот период а кои произлегуваат од колегиумот на ден 09.01.2024 година.

1. Координицаја и организација за настан Водици 19.01.2024;
2. Координација на работници за општо-корисно работа и делење на задолженија;
3. Да се одржи работен состанок со комисите за проценка каде ќе се задолжат за проценка на општинските објекти и дефинирање на продолжување на процесот на репроценка.

- Тековни активности

**Крива Паланка**
**09.01.2024 година,**

**Изготвил: Клара Стевановска**